РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-295/1
10.03. 2021 год
П Е Х Ч Е В О

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 10.03.2021 година, донесе:

Арх. знак 0801
Рок на чување ТРАЈНО
20 год
Потпис

**ОДЛУКА**
**за давање на користење движна ствар**
**товарно возило за собирање на комунален отпад на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево дава на користење движна ствар, со следните карактеристики:

Товарно возило Марка - IVECO
Година на производство - 2020
Зафатнина на мотор – 2998 $cm^3$
Тип на мотор: F1CFL4117*M501
Комерцијална ознака: (70C 18H WX)
Боја на каросерија - бела / 01
Идентификационен број: ZN3D070D109041984
Сила на мотор 132 KW
Број на мотор 3796231

**Член 2**

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на користење без надомест на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 10 (десет) години.

**Член 3**

Сите трошоци за одржување и користење на возилото вклучително и сервисирање, осигурување и регистрација ќе ги сноси ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

**Член 4**

Примопредавањето на движната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши меѓу градоначалникот на општина Пехчево и Директорот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево во рок од 5 (пет) дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 5**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приоритет од Движната ствар, товарно возило за собирање на комунален отпад, истата може да ја одземе и пред истекот на периодот за кој е дадена на користење со писмено известување.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ПЕХЧЕВО